**З А П И С Н И К**

**од 36 тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 30.08.2024 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницатана почетокот беа присутни беа 14 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација. Еден советник кон работата на Советот се приклучи подоцна.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 36 тата редовна седница беше предложен дневен ред од 15 точки.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Годишен извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2023/2024 година;
2. Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за учебната 2024/2025 година;
3. Годишен извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за учебната 2023/2024 година;
4. Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за учебната 2024/2025 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/2025 година;
6. Годишен план за вработување на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај” Валандово за 2025 година;
7. Годишен план за вработување на Општина Валандово за 2025 година;
8. Годишен план за вработување на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2025 година;
9. Предлог-Одлука за финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет 3х3 во Валандово;
10. Предлог – Одлука за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КО Раброво.
11. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружението за спорт фудбалски клуб ,,ПОБЕДА КИДС,, Валандово;
12. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб ,,Ударник,, Пирава за котизиација за учество во натпреварувачката сезона;
13. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош на КУД,,Бахар,, Чалакли, Валандово;
14. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализација на активности на Општински против-пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво, Валандово;
15. Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с. Балинци, Валандово;

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави истиот беше ставен на гласање и со 14 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 35 рата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со: 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Годишниот извештај за работата на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2023/2024 година беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Годишна Програма за работа на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за учебната 2024/2025 година
беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По Годишниот извештај за работата на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за учебната 2023/2024 година беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Годишната Програма за работа на ООУ „ ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за учебната 2024/2025 година,беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог - Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев" Валандово за учебната 2024/2025 година беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека нема ништо против тоа да се реализира, но во истиот контекст има против што има реакција од граѓани за одлуката што е донесена што се дава субвенција на тие што се запишани во нашата гимназија и тоа е во контекст на точката и затоа го дискутира.Граѓаните сметаат дека таа одлука е дискриминирачка, дека имаат право сите ученици кои што завршиле основно образование на територијата на Општина Валандово да ги добијат тие средства. Рече дека сите советници едногласно ја поддржале таа одлука и дека сите работиме во интерес на зачувување на институциите во Општина Валандово. Тој што мисли дека треба да ја води работата преку суд и да ја поништи одлуката, слободно нека тужи и повтори дека сите се залагаме за зачувување на институциите во Општина Валандово.

Градоначалникот се јави за реплика. Побара од советникот Тоше Тодоров да објасни подобро, бидејќи тој не разбрал што сака да ни каже, што е целта на неговата дискусија и на што конкретно реагира .

Советникот Тоше Тодоров одговори дека ја коментира Одлуката за доделување на 10 000 денари на учениците кои ќе се запишат во СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово. Дали од правен аспект е се задоволено не може да гарантира и во однос на некои ученици одлуката е дискриминирачка неможе и тоа да го негира исекој кој што мисли дека треба по правен пат да ја оптужи таа Одлука, рече дека нема ништо против. И тој ја поддрржал таа Одлука како и сите советници кои ја поддржаа и дека се што се работи, се работи за да се зачувуваат институциите во Општина Валандово.

Градоначалникот и по втор пат изјави дека сеуште не знае на што се жали советникот кога на дневен ред е Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за учебната 2024/2025 година.Рече дека кога се носеше Одлуката за давање на финансиска поддршка на учениците кои ќе се запишат во нашето средно училиште ги искажавме сите аргументи и сите советници стоиме дека таа е правно издржана и како сега ќе се жалат граѓаните. Одлуката е донесена со цел да се запишат повеќе ученици во нашиот град, а тие што ќе се запишат во други градови, за тоа ќе одлучат другите локални самоуправи. Поради законските измени за бесплатен превоз и престој на учениците помалите градови се оштетени во однос на поголемите градови и ние правиме се да го заштитиме нашето општинско училиште кое за него, а верува дека и за сите нас е свето.Одлуката сега во моментот точка на дневен ред е Давање на согласност за паралелки со помал број на учениціод средно стручно образование за кое од МОН има согласност.

Немаше други пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 6

По Годишниот план за вработување на ЈОУДом на култура,, 25 ти Мај ,, Валандово за 2025 година беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 7

По Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025- та година беше отворена расправа. За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека сегашниот број на вработени во Општината е 38, а планирани за тековната година се уште 13 вработувања и уште толку за 2025 година со образложение зголем обем на работа, и прашува кој е тој поголем обем кога општината ни се исселува, дали има поголем број на проекти или друго е во прашање.каде што има пензионирања во ред е да се пополнат тие места. Смета дека ова се големи бројки, многу вработувања кои Општината не може да ги издржи.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека советникот Тоше Тодоров не треба да се јавува за збор кога не ги познава добро работите . Рече дека во Општината има вработено 37 луѓе и 13 во ТППЕ. Планирани вработување за 2024 година се 13, и истите остануваат и во 2025 година . Рече дека не се дуплираат тие вработувања и не треба да се манипулираат граѓаните. Го повика советникот да дојде во Општината и се ќе му биде објаснето.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА,
6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 8

По Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈП ,,Комунален сервис,, Валандово беше отворена расправа. Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По Предлог-Одлука за финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет 3х3 во Валандово во износ од 60 000 денари никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и едногласно изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлука за продажба на недвижна ствар сопственост на Општина Валандово на КП.бр.515/4 КО Раброво. Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со со 9 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 6 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Здружението за спорт фудбалски клуб ,,ПОБЕДА КИДС,, Валандово во износ од 90 000 денари немаше пријавно за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласанаедногласно со 15 гласа ЗА

ТОЧКА 12

По Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб ,,Ударник,, Пирава за котизација за учество во натпреварувачката сезона во износ од 90 000 денари немаше пријавно за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласанаедногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 13

По Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош на КУД,,Бахар,, Чалакли, Валандово во износ од 60 000 денари немаше пријавно за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласанаедногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 14

По Предлог-Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализација на активности на Општински против-пожарен сојуз Доброволно противпожарно друштво, Валандово во износ од 30 000 денари немаше пријавно за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласанаедногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 15

По Предлог-Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с. Балинци, Валандово во износ од 180 000 денари немаше пријавно за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласанаедногласно со 15 гласа ЗА

Со ова беше иссцрпен дневниот ред и бидејќи немаше советнички прашања, седницата беше заклучена.

Записничар
С.Христова Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков